Скопје, 27 март 2019 г.

**ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА И ПАРЛАМЕНТОТ**
**и одбележувањето на 20-годишнината на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија**

*ТВИНИНГ ПРОЕКТ „ПОНАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ЕФИКАСНОСТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА“*
*MK 13 IPA FI 01 17 R*

Во петок, на 29 март 2019 г., Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија ќе организира тркалезна маса за соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Парламентот на Република Северна Македонија, во рамките на претходно споменатиот твининг проект финансиран од Европската Унија.

Проектот е финансиран со вкупен буџет од 1.400.000 евра и се спроведува со поддршка од Националниот завод за ревизија на Република Бугарија и Државниот завод за ревизија на Република Хрватска, како помлад партнер.

Целта на тркалезната маса е да се споделат искуства поврзани со соработката помеѓу врховната ревизорска институција и парламентот, при процената на ревизорските извештаи (наоди и препораки) за поефикасно управување со јавните средства.

Претставници на Делегацијата на ЕУ, пратеници, претставници од Министерството за финансии и од други врховни ревизорски институции исто така ќе го дадат својот придонес кон панел-дискусиите.

**Датум и време:** **29 март 2019 г. во 10:00 ч.**
**Место:** **Хотел Холидеј Ин, ул. „Филип II Македонски“ бр.5, 1000 Скопје**

**За повеќе информации ве молиме контактирајте со:**
Државен завод за ревизија
**г-а Тања Јаневска, проектен лидер од ЗК,** Тел. (+ 389)72228108
tanja.janevska@dzr.gov.mk;
или
**г. Александар Поповски, постојан твининг советник од ЗК,** Тел. (+ 389)75210147
aleksandar.popovski@dzr.gov.mk